

1

# ЛИК



одните пратеници го поздравуат донесуењето на Уставот



# УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ на Н.Р.М. го донесе ПРВИОТ Устав на македонскиот народ



Нашата државност и нашата севереност се творени во текот на народноослободителната борба во заедничката борба на сите народи на Југославија. Тие се утемелени во револуционерните решенија на II заседание на АВНОЈ во Јајце. Тие се потака безрезервно усвоени на I-то заседание на АСНОМ во неговите историски решенија донесени на Илинден 1944 година. Денеска, на базата и во резултат на тој изминат историски пат во нашиот Устав ние даваме и законска формулација на нашата државност и сувереност. Тие се така формулирани што со севереноста и државноста на останатите народни републики во Ф. Н. Р. Ј. наполно хармонизираат што го овозможуе нивното понатамошно развивање.

ОД ГОВОРОТ НА ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ



Новата влада на НРМ на чело со Лазар Колишевски

# Изградба во 1946



Патот Битола — Маково, што ке го сврзуе плодното Мориово со вториот град на Македонија. Во минатата година беше направена трасата по должината на целиот пат, со огромно участие на народот во доброволната работа.



Со изградуењето на мостот на Вардар во Титов Велес се овозможи железничкото движење на линијата Титов Велес — Кочани

Изградени се и обновени во минатата година околу 250.000 селски и градски кукји, поправени се и обновени не стотини, туку иљади километри разни патишта, изградени се нови и обновени стари повеке стотини километри железнички линии, стотини помали и големи железнички и патишни мостови, обновени се и ставени во погон стотини во војната разурнати разни фабрики и претпријатија, обновени се многу рудници за јаглен и други руди, изградени се и отворени стотини и стотини нови училишта и други установи преселени се од испустените краишта и колонизирани во Војводина и Славонија преку 50.000 семејства.

ТИТО



Големата училишна зграда во Скопје која што ке служи за гимназија на турското и албанското малцинство.





ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА СКОПЈЕ
К. Инв. № 2022/47

# Мајското натпреваруење низ нашите фабрики



Работниците од текстилната индустрија „Кузман Јосифовски — Питу" во Скопје први се обврзаа да го исполнат производниот план за еден месец порано и со тоа дадоа потстрек и пример на сите рабтни колективи во нашата република, и тие да земат обврски за предвремено исполнуење на производствените планови.




Во овогодишното првомајско натпреваруење работниците од претпријатието за древна индустрија „Треска" во Скопје зедоа обврска дека шестмесечниот производствен план ке го исполнат за еден месец порано. Во знак на тоа работниците поставија во секое одделение производствен план. Секој работник си постави лични производствени задачи.



Фабриката за цигари „Маршал Тито" во Скопје производниот план за првиот месец од мајското натпреваруење го надмина за 8%. Производните разноски ги намали за 11,75% а фирата од 13,5% на 3,16%. Производството квалитативно е подобрено.

За вториот месец во шестомесечното производствено натпреваруење ...

> **Работници и работнички на Југославија!**
>
> **Убрзајте го оваа година производството и смалете ги уште повеке издатоците на производството! Развивајте во таа цел сестрано работно натпреваруење! Дајте им на нашите народи што повеке производи потребни за живот: текстил, обувки, земјоделски алати и машини за селаните итн.! Развивајте што помасовна ударничка работа, дека и вас самите во прв ред тоа ве приближуе кон целите, кон кои што веке одамна тежите, т. е. кон остваруењето на подобар и покултурен живот.**
>
> **ТИТО**

**Работниците од скопските фабрики и претпријат... обврзуат производствените планови да ги исполнат ... определениот срок.**



Работниците во скопската ложилница во првиот ... ... месец од сегашното шестмесечно натпреваруење ... да ги исполнат производните задачи. За поправката н... локомотиви од мал и нормален колосек утрошени се по... 128 работни часа од предвиденото. Покрај тоа поправ... 8 вагонетки за кјумур и прегледани сите снежни плуго... локомотивите.

ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА СКОПЈЕ
Инв. № 840/48

# Настаните во Виетнам

Во 1941 год., после поразот на Франција, империјалистичка Јапонија ја окупира француската Индокина, запазуејќи ја таму ,сепак, француската администарција на таканаречената влада на Виши. Индокинескиот народ, по тој начин се најде под двоен колонијален гнет. Ослободителната војна против фашиска Германија и милитаристичка Јапонија не можеше да не укаже сериозно влијание врз растењето на националната самосвест на индокинескиот народ. Имено со тие фактори се објаснуе. што почнуејќи од 1941 г., национално-ослободителното движење во Индокина бргу се развиваше и јакнеше. Во декември 1941 г. сите сили на народно-ослободителното движење се соединија во „Лигата за независност на Индокина". Во крајот на 1942 лигата се оформи во политичка парт... Виетмин, во која што се слија ...овните политички партии и масовни организации на земјата: комунистичката, националната, демократската партија, партијата Новиот Анам и др. Партијата Виетмин застана на чело од народно-ослободителната борба за независноста на Индокина.

Во август 1945 народните маси на Индокина, раководени од партијата Виетмин, го свргнаа марионетскиот император Бао-Дај — јапонски наместник — и ја зедоа власта. Во Ханој беше формирана национално-демократска влада, која што ја прогласи републиката Виетнам. На чело од владата застана раководителот на партијата Виетмин — видниот политички деец на Индокина Хо Ши-мин. Во составот на републиката влегоа два француски протекторати — Анам и Тонкин, а исто така и француската колонија Кохинхина.

Според тоа, како се развиваше национално-ослободителното движење, француските раководни кругови се убедуеја дека во следвоената Индокина не ќе може да се зачува старниот колонијален режим. Во 1943 г. францускиот Комитет на националното ослободуење укажуеше, дека статутот на Индокина ќе биде изменет. Подоцна, во 1945 г., после формирањето на привремената влада, де Гол изјави дека „териториите на Индокина, бидејќи толку време одвоени од нас, се должни да видат во пријателството и помошта на Франција услов и средство за својот сопствен развиток кон прогрес и слобода". Сепак во септември 1945 г., после прогласуењето на републиката Виетнам, де Гол испрати во Индокина вооружена експедиција на чело со генерал Леклерк и го назначи адмиралот Тиери д' Аржанлие за генерал-губернатор на француската Индокина. Скоро едновремено со тоа во јужниот дел на Индокина се истовари англиска војска под изговор за одржуење ред, за разоружуењето на Јапонците и ослободуењето на пленициите.

Француско-британските војски почнаа воени операции против републиката Виетнам, при што во операциите против виетнамските единици тие користеа и јапонски воени единици.

Индокинескиот народ укажуеше упорен отпор. Стана очевидно дека со силата на оружјето не може да се задуши волјата негова и стремеж кон независност. Во истото време демократската општественост на Франција настојаваше за мирно разрешавање на индокинескиот проблем.

Во февруари 1946 г. во Ханој меѓу претседателот на републиката Виетнам Хо Ши-мин и претставителот на француската влада Сентени започнаа преговори за мирно регулирање на положениото. На 6 март 1946 г. преговорите завршија со потпишуење на привремена спогодба меѓу Франција и Виетнам. Франција ја признаваше републиката Виетнам како слободна држава, која што има своја влада,



парламент и армија и влегуе во состав на Индокинеската Федерација и Францускиот Сојуз.

Обете влади се обврзаа да ги прекратат воените дејствија и да создадат услови за водење пријателски преговори меѓу Франција и Виетнам. Беше условено, дека за време на преговорите треба да се разгледаат прашањата за дипломатските односи на Виетнам со владите, што влегуат во индокинеската федерација, и со Францускиот Сојуз за идниот статут на Индокина и за економските и културни интереси на Франција во Виетнам.

Француската влада преку својот министер за колониите Муте изјави дека таа наполно ја одобруе спогодбата од 6 март 1946 г.

И покрај тоа главниот командант на француските војски во Индокина генерал Леклерк, наспроти од спогодбата, четири дена после нејзиното потпишуење им предложи на војските на Виетнам да капитулираат и да го предадат оружјето на француската команда. Француските војски ги подновија воените дејствија на југот на републиката, а по тоа и во самата престолнина — Ханој. На 30 март тие го завзедоа министерството на финансиите на републиката.

Во знак на протест против нарушуењето од француските војски на примирјето од 6 март по Виетнам се разнесе бран од митинзи и протести.

Владата на републиката Виетнам, не сакајќи да го повторуе крвавиот судар, предложи да се свика конференција во Париз, на која што виетнамските претставители би можеле да воспостават тесен контакт со Француската влада. Во текот на припремите за оваа конференција од 19 април до 11 мај 1946 год. во Далат се одржа советуење меѓу претставители на Франција и Виетнам. На советуењето се изјавија противположни гледишта на делегациите по сите основни прашања. Така, например, по прашањето за обединуењето на Тонкин. Анам и Кохинхина виетнамската делегација укажуеше дека Кохинхина претставуе неразделен дел од Виетнам. Француската делегација пак

инв. бр. 3022/86.

ПРИ БЕГАЛЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

# ЖИВИ СВЕДОЦИ

Беше тоа во 1945 година. По прашливите патишта од кон југ, попарени од јунското сонце се влечеа долги, бескрајни колони луѓе — старци, жени и деца. Боси, гладни — без ништо, тие бегаа пред теророт на разбеснетите монархофашиски банди. А таму долу, во родниот крај останаа во пепелишта родните села — разурнатите домови, ограбениот имот.

Од тогаш помина година и пол. Но теророт не стивна. Со секој ден тој се повеќе и повеќе се распалуваше и се распалуе. Со секој ден се уште, по прашливите, по раскалените, по замрзнатите опсипани со снег патишта од кон југ се влечат нови колони луѓе — пак деца, жени и старци. Се уште бегаат пред неиздржливиот терор на распојасаните монархистички банди безброј луѓе да го спасат голиот живот.

*

Во Лозовиот расадник во Скопје, живеат неколку фамилии бегалци од Егејска Македонија. Тие избегаа во месец декември минатата година и тука најдоа братско прибежиште. И работа и леб.

— Тате остана в планина да се бори против фашистите, а ние дојдовме тука; збори срамежливо девојченце увиткано во партали, од чие што лице страот од минатите денови уште не исчезнал. Нејзините очиња гледаат скришум, уплашено со недоверба. Ова девојченце како и многу како неа, се живи сведоци за страшниот терор. До вчера тоа не знаеше ништо повеке од тоа што го учеше на туѓ јазик во туѓјо училиште во родното село.

Неговите спомени се пресни од она што го виде и преживе. Може би пред нејзините очи, кога за тоа прикажуе дедо и Петре, одново искрснуе ужасот од онаа вечер кога бандитите го нападнаа селото и започнаа да го горат. Може-би во мислите да и мина последната вечер во родната кукја тамо долу зад оние високи планини, кога татко и замина да се бори за слобода. А може би таа мисли за утрешниот ден за новиот живот во новата кукја Мајка и тука не ке ја плаши веке со името на некаков бандит за да ја успие...



— Животот таму не се трпи веке, не се знае да ли ке биде човек жив до утре. Животот е ко в зандана" — зборуе 60 годишниот старец — на лицето му се усечени безбројни брчки. Секој усек има своја историја. Тие говорат за теророт од минатите денови за многуте непроспиени нокјеви...

— Мнозина останаа долу, но не во селата, ами во планините, да се борат заедно со грчките партизани против општиот непријател — монархо-фашистите.

— Од село Купа избегавме многу луѓе — најмногу деца — раскажува 52 годишниот Петре Чупа. Селото ни го изгореа цело. Тоа беше во еден неделен ден во месец ноември. Селото го нападнаа монархофашистите. Од пладне до доцна во нокјта селото беше во пламења додека сосем не изгоре. Изгореа живи и 37 жени со дечиња. Многу селани беа одведени од селото кој знае каде. Го одведоа и 17 годишниот син ми Костадин. Животот ни го разорија. Сени изгореа. Душата ја спасивме само..." — ја завршуе, тешко издишуејќи, својата кратка мачна историја Петре. Насобраните крај него дечиња со широко раствореи очи гледаат право во неговата уста. Неговите зборови тие не ги разбираат.

Жена во средни години ги собрала крај себе четирите дечиња, ни зборуе за страшните изминати денови. Тоа е Василка Кити од село Купа. Нејзиниот домакин со двата постари сина останаа во родниот крај — партизани...

И ден денес се уште пристигаат кај нас нови колони луѓе — најмногу деца и жени, бегајки од кон југ пред теророт на монархофашиските банди. Голи, боси, гладни — без ништо...

К. Мукаетов

---

настојаваше за спроведување на референдум во Кохинхина, окупирана од француски војски.

Француската делегација не се согласи на предоставање на Виетнам правото на слободни дипломатски односи со странството. По тој начин советувањето во Далат, кое што имаше за цел да ја подготви конференцијата во Париз, не донесе никакви согласни решенија. Затоа конференцијата што се откри на 6 јули 1946 г. во Фонтенебло требаше одново да ги разгледа основните прашања на индокинескиот проблем..

Некои француски кругови, незаинтересирани за мирно разрешавање на индокинескиот проблем, се стремеа да ја усложнат работата на конференцијата во Фонтенебло и дури да ја провалат.

Само благодарение усилијата на виетнамската делегација и демократските сили на Франција, подеднакво заинтересирани во регулирањето на француско-виетнамските односи, конференцијата во Фонтенебло не беше провалена. Таа заврши на 14 септември 1946 г. со потпишувењето на привремена спогодба („модус вивенди"). По таа спогодба Индокина образуе федерација, која што влегуе во Францускиот Сојуз. Виетнам заедно со Франција ја гарантира целоста и безбедноста на Индокинеската федерација. Обете страни се обврзаа да ги прекратат непријателските дејствија и да ги ослободат сите политички затворници. Со специјална клаузула беше предвидено, дека во јануари 1947 г. ке бидат обновени преговорите за склучуење на окончателен општ договор.

Сепак реализацијата на оваа спогодба на практика произвикуеше тешкотии, и положението во Индокина продолжуеше да остане напрегнато. На 20 декември во Ханој и реоните што му припагаат се обновија воените дејствија меѓу француските и виетнамските војски. Судирите носат ожесточен карактер. Во борбите се користи артилерија, а од страна на Французите — и авијација.

(„Известија") А. Воронов

ПО ПОВОД ОД ГОДИШНИНАТА ОД СМРТА НА В. И. ЛЕНИН

# ВО МАВЗОЛЕЈОТ НА ЛЕНИНА

Црвениот плоштад, во центарот на престолницата на великиот Советски Сојуз — Москва, што се опира непосредно на зидовите од Кремљ, восхитуе со својата величина и убавина.

Многу историски споменици, мили на нашиот народ, се поставени на Црвениот плоштад и околу него.

Овдека е прекрасниот споменик на руската архитектура од XVI век, соборната црква на Василиј Блажени; овдека е „местото на пресудите" — возвишена камена трибина, откаде што некогаш се читаа на народот најважните царски укази; овдека е споменикот на народните јунаци — патриоти Минин и Пожарски.

До зидот на Кремљ на Црвениот плоштад, во заедничка гробница погребани се героите, што паднаа за делото на Великата октомвриска социалистичка револуција.

Покрај заедничките гробници се навогја гробот на Јаков Михаилович Свердлов, првиот претседател на СЦИК, па гробот на геројот на револуцијата Феликс Едмундович Дзержински; тука е погробан и даровитиот полководец на Црвената армија Михаил Василевич Фрунзе.

Самиот зид на Кремљ е некропол на револуцијата — место, каде што се погребани најдобрите лугје на нашата татковина.

Во зидот на Кремљ се взидани урните со пепелта на Горки, Киров, Кујбишев, Орџоникидзе, Клара Цеткин, Крупскаја и многу други верни и славни борци за делото на социализмот.

До зидот на Кремљ се навогја најсвидниот споменик, светињата на советскиот народ и сето напредно човештво — Мавзолејот на Владимир Илич Ленин.

Огромна возбуда го обзима секого кога се приближуе кон тој светол споменик.

Архитектурата на Лениновиот мавзолеј му е позната на целиот свет. Мавзолејот, изграден по проектот на академикот по архитектура А. В. Шчусев, обложен е со црн и сив лабрадор и со црвен украински гранит.

Завршната плоча на Мавзолејот, која што е од црвен карелски порфир, се држи на столбови од различни видови гранит, добиен од сите републики на нашиот Сојуз. Над влезните врати од Мавзолејот се навогја од едно парче плоча од црн гранит, во која што од црвен измазнет порфир е изрезан со инкрустанција еден збор — ЛЕНИН.



Тука почива телото на најголемиот човек на светот, творецот на болшевичката партија, таткото на советската држава, водачот на целото работно човештво.

Ден и нокј пред влезните врати стои почесна стража. Црвеноармеецот, на кого му се пагја честа да чува стража на влезот во Мавзолејот, никогаш во животот нема да ги заборави тие минути.

Во долги редови влагаат во Мавзолејот лугје, што сакаат да ги видат свидните, љубени црти на Владимир Илич.

Мегју оние што идат на Црвениот плоштад да го видат ликот на Ленина можат да се сретнат и деца, и лугје од длабока старост, мажи и жени, работници и научници, студенти и службеници, колхозници и претставители на интелегенцијата, команданти и црвеноармејци.

Точно во три часот, кога со звонењето познато на целата земја се разлега биењето на часовите од спаската кула, се отвораат вратите на Мавзолејот.

Тихо, свечано се влива поројот лугје во широко отворените врати.

Со голема возбуда стапуат преку прагот, гологлави.

Право спроти вратите, во огромен блок од гранит исклесан е грбот на СССР. Од обете страни на тремот водат надолу две гранитни столби.

Откако ке слезе по левите столби и ке сврти надесно, посетителот стасуе во големата погребна сала, благо осветлена со светлина скриена во таванот.

Стапуејки преку прагот на салата, посетителот го запира својот поглед на саркофагот со телото на Владимир Илич Ленин.

Низ стаклените зидови од саркофагот се гледаат свидните црти на Владимир Илич Ленин.

Во ковчегот лежи телото на Ленина. На него има алишта од сива боја. Главата почива на црвена перница, покриена со вал. Рацете лежат врз знамето на ЦК СКП (б), со кое што е покриено телото.

Спокојно и величествено е телото на Ленина. Се чини дека Ленин спие. Со притаен здив, како да се плашат да не го разбудат, идат посетителите крај оградата. Очите жедно ги впиваат свидните црти, така познати, бесконечно блиски. Тешко е да се веруе дека поминале толку години од смртта. И овдека во ковчегот, како и за време на животот, Ленин го окружуе народот. Колку милиони лугје поминале покрај ковчегот, колку милиони уште ке поминат! Колку многу мисли се рагјаат во тие неколку незаборавни минути! Идејки крај оградата, посетителот се труди да се задржи што повеке при нозете на Владимир Илича, откаде што се гледа целото тело, се стреми да се задржи, за да се нагледа на тој свиден лик.

Обиколуејки го саркофогот од три страни, посетителите ја напуштаат погребната сала и, качуејки се по гранитните столби, излагаат на Црвениот плоштад.

Сите се возбудени. Кај многумина се гледаат солзи во очите. Се меша чувство на длабока тага по загубата на љубениот човек со бликната решеност да се борат уште поенергично за делото на Ленина.

Проф. Б. И. Збарски

## Нашата културно-уметничка група во Пиринска Македонија

Во текот на месец декмеври минатата година една голема културно-уметничка група, составена од народни ансамбли на Радио Скопје, направи турнеја по братска Бугарија и Пиринска Македонија. Културно-уметничката група првин ја посети престолнищата на братска Бугарија Софија, каде што даде два концерта — еден во кварталот „Расадник“ за нашата емиграција, а друг во Воениот клуб за софиското граѓанство. По тоа групата замина за Пловдив, каде што исто така даде концерт. На својата обиколка во Пиринска Македонија, културно-уметничката група ги посети скоро сите градови и приреди низа концерти за нашите браќја од овој дел на Македонија.

Насекаде, нашата културно-уметничка група беше пречекана со големо одушевление и радост, а концертите се претворија во вистински манифестации на братсак љубов. За прв пат нашите браќја од Пиринска Македонија и емиграцијата имаа возможност да ги чујат нашите народни песни, да ги видат нашите народни игри, непреправени, во целата нивна убавена и богатство. Исполнението на народните песни и игри произвика кај нив вистинско удивление и гордост. Едновремено со концертите во многу места се одржаа предавања за културниот развиток на Народна Република Македонија, а исто така беше отворена и изложба на книги и фотографии од животот и постиженијата на нашиот народ.

## Нашите иселеници во Австралија



Многубројните македонски емигранти и иселеници отаде океанот, во Америка и Австралија, иако далеку од родната земја, го следат со големи симпатии и љубов животот во нашата народна република.

Така, нашите иселеници во далечна Австралија, собрани во својот „Македонски народен сојуз“, развиваат оживена дејност за запознавање австралиската општественост со животот на нова Југославија. Во месец октомври м. г. тие покренаа и свој печатен орган — Македонска искра“, кој што по немање на букви од кирилица, се печати на латиница, но на македонски јазик.

Нашите емигранти исто така покренаа акција за подигнување болница во Македонија, за која што ќе соберат 10.000 долари.

На снимката се гледаат група наши иселеници на една манифестација. На чело од групата младинецот Александар Тодоровски во народна носија го носи знамето на нашата народна република.

Лево: членовите на културно-уметничката група полагаат венец на братската могила во Г. Џумаја

Десно: група девојки во народна носија на пречекот





# На калфинските испити во Скопје

Зимски попладневен ден: Градскиот народен одбор на нашиот столичен град, кој што секидневно бдее над животот на скопските граѓани ја запира својата напорна работа, за да го дочека идниот ден со нови, посвежни сили. Зградата потонуе в тишина. Само понекој службен телефонски разговор на дежурниот чиновник замира во глувите трикатни простории. И во тоа обично неработно време веке десетина дена се разнесуат низ празните ходници пред Трудовиот оддел на ГНО пискави извици и закачки, одекнуе гласен детски смеј врева на група младинци. Тоа се млади чираци-механичари во работнички комбинизони, спретнати шивачи, радиомеханичари, кондурации, столари, кои што полагаат испит за помошник-мајстори во Трудовиот оддел на ГНО.

Испитот на чираците се врши во една канцеларија на Трудовиот оддел-канцеларија која што е украсена со еден предмет повеке од останатите: школска црна табла. Целта на испитот е јасна: правилна оценка на теоретските и практичните познавања на чираците нивното брзо и сигурно оспособуење за големите задачи што ги очекуат. За тоа е свесна и испитната комисија и младото работно поколение. Се дури трае формалната процедура на административниот персонал околу испитот вревата на чираците надвор од канцеларијата не стивнуе. Членовите на испитната комисија, возрасни и помлади мајстори-специјалисти, поттикнати од испитот и секјавајки се на своите детски работни години, раскажуваат за своите полагања, за своето време.

— Паметам, раскажуе членот на испитната комисија, специјалистот кондурација мајстор Нака, кога беше Одларе центар на кондурациите. Сите кондурации беа собрани на едно место. Конкуренција немаше, беше забранета. Еден работник работеше по 10 — 15 години. За да положи калфински или мајсторски испит тој после тоа време мораше да им даде во определено време на мајсторите еден општ ручек. Првите години на стара Југославија јас бев млад мајстор. Ја протоколирав фирмата во Занаетчиското здружение. Но, наскоро по тоа ме сретна шефот на еснафот, устабашијата, и ми припрети: Еј, ти, не дојде кај нас! Ке ти го затворам дукјанот...

Слушајки го така мајстор-Нака неволно пред очите се исправуе сликата на старо Скопје, Скопје со својот центар Одларе, со кондурациски и казанџиски еснаф, Скопје со својата „темна чаршија" и ковенџиски еснаф. А зад тоа и такво Скопје, скопска околија со чифликсајбии во Бутељ, во Радишани, во Бардовци. Тоа е историскиот лик на еснафското Скопје, на Македонија во периодот на умирањето на турското господство. Но наличјето беше подруго: тешки животни услови за работниот свет: чиракот и работникот се домашни прислужници на мајсторите, селанецот-гола, бесправна работна снага на чифликсајбијата... После великосрпското, великобугарското, великогрчкото надирање со подруг лик, но со подобно наличје: тешки животни услови за работниот свет: чираците и работниците немилосрдно искористуени, обесправени, лугје на улицата, а селаните слуги на нови господари. Тоа веке е одамна одминато. Денеска трудот е чест и гордост за работниците и селаните, кога трудот е правилно и праведно награден и кога врз основа на тоа се строи нов поарен живот. При такви нови животни услови полагаат испит чираците како на државните претпријатија, така и на приватните, чираци, на кои што ке им биде чудна историјата на минатото, затоа што денешната дејствителност е работничка, исто толку колку и иднината.

Со започнуењето на испитот вревата на чираците стивнуе. Полагаат група автомеханичари од ФАП. Испитната слика е како и од секој друг испит: младите чираци одговараат теоретски на прашањата по струката, по нашата најнова историја и по математика.

— Кажи ни друже Јакуповски Нури, праша специјалист-автомеханичар, како се обработуат и како се туширaат лежекјите лагери.

Високиот и развиен чирак-автомеханичар Нури одговара на прашањето јасно и течно како младинец кој што ги провел своите најарни детски години со тие механични делови на моторот, без кои што е незамисливо автомобилно движење.



Петре Б. Зафиров од радио-работилницата на Ев... го положи со одличен успех калф. испит. Комисијата о... хитена од неговиот радио-приемник



Драган Црнкович — при фрез-машината за режење на запчаници се готви за калф. испит

Снимки К. Капријановски

# Во стручното училиште за чираци при металниот завод „Тито“

При Металниот завод „Тито“ во село Гјорче Петров крај Скопје веке втора година работи стручно училиште за чираците од металниот завод и од пралиштата Хромова руда.

Училиштето при заводот е сместено во едно ново, големо здание. Внатре, големиот ходник ги разделуе неколку училници во кои што учат чираците. Лево на вратата пишуе „Трети клас“. тоа се чираците кои што оваа година го завршуат школото и постануат калфи.

Триестина младинци седнати во клупи, гледаат кон црната табла на која што се испишани некои формули на метали. На сите чираци лица-



та [illegible] гаму им се измачкани, алиштата измасленети, рацете црни. Тие сите се чираци електричари, бравари ,ливци, моделари, дреери и др.

После два месеца учениците од третиот клас ке го свршат училиштето и оттогаш во заводот и во пралиштето ке работат како калфи.

Часот на кој што преподава инж. Канарев, технички раководител на пралиштето за хромова руда, е по технологија. Учениците од третиот клас одамна знаат дека технологијата е наука за изучуење на материите со кои што тие ракуат. Сега на црна табла и во нивните писанки се испишани формулари исто онакви какви што се учат по техничките училишта.

Часот се свршуе. Младинците — чираци се собираат во една група. Се води различен разговор. Чиракот од дреерското одделение на металниот завод Томислав Стајковски раскажуе:

— После свршуење на стручното школо во заводот ке се запишам во нижото техничко школо.

Сите младинци после завршуењето на третиот клас на ова училиште имаат право да се запишат во нижите технички школи откаде што подоцна на технички факултет. Управата на металниот завод „Тито“ ке испрати неколку од најдобрите чираци на понатамошно школуење. Затоа мегју учениците — чираци владее натпреваруење во тоа кој со што подобри резултати ке го сврши класот.

Многу од младинците сакаат да ја продолжат својата наобразба. А за тоа е важно не само резултатите од училиштето, а и како работаат во работилницата. Чираците со особена гордост раскажуваат дека сега мајсторите од одделенијата им поверуат потешки работи.

— Ние петте чираци од ливницата, порано само помагавме при лиењето. Сега мајсторот ни дава да лееме сами делови за пумпи. Колку убаво е сега, а подоцна потешки делови ке лееме. — вели чиракот од ливницата Благоја Зотевски.

Веке се стемнуеше кога младинците го прекратија разговорот. Поголемиот дел од нив се отправи кон железничката линија близу заводот, откаде што малку подоцна со малиот воз ке заминат дома. Утредента уште рано , тие ке го напуштат Скопје и ке дојдат во заводот каде што после шест часовна работа по работилниците пак ке отиднат во училиштето и ке продолжат со теоретска изградба по сите предмети од областа на металургијата.

*К. Б.*

---

— Практична задача, му вели по тоа специјалистот - автомеханичар: да ги обработиш и тушираш лежеќите лагери.

— Јасно, ке го сторзм тоа, вели уверено Нури.

И така редум минаваат чираците автомеханичари, одговараат на прашањата по стручниот предмет, добиват практични задачи и брзо излегуат да ги решат што поскоро, да станат што поскоро помошници.

По тоа испитната комисија ги прегледуе практичните задачи на чираците столари, лимари, кондурации, радиотехничари и шивачи: мал радиоприемник, кошули, пантолони, столови. Предмети изработени со голема љубов, резултат на опит и совесна работа. Прегледуеки ги внимателно предметите испитната комисија установи дека се солидно и совесно изработени и дека се тоа први изработени предмети на веке не чираци, туку на помошник-мајстори. Со тоа престануат веке на чираците нивните досегашни задолженија и им се поставуат нови посериозни работни задачи. И со првиот иден ден, кога во раната зимска утрина започнуе да чука силно животното било на нашиот столичен град, кон претпријатијата итаат нови работни сили за нови творечки постиженија. — Настапуе новата смена.

**Б. Ковач**

„ОВАА ГОДИНА АРНО ПОМИНАВМЕ, ДО ГОДИНА УШТЕ ПОАРНО

# Празник на тутунарите

*Репортажа од Б. Д. Бојациски*

Уште со разденувењето во снежната виулица се слушаат гласови по улиците, што водат кон тутуновата станица. Побелени од снегот коњи и магариња натоварени со бали тутун се движат како караван во долги колони. Зад нив, во долги гуни, кожуви, со завиткани глави во шалови, од кои што само очите им се гледаат селаните се пробиваат низ снежната пустиња. Тоа се тутунарите од скопските села, што брзаат да го предадат својот тутун...

Иако е уште рано двороите на тутуновата станица ги исполнуе врева. Пристигнатите селани ги фрлиле своите гуни, кожуви, шалови и растоваруат. Снегулките се топат по нивните сури лица, а поцрвенатите раце не знаат за умора. Никој не секјава студ. Кипи работа. Просториите каде што ке се врши откупот се полнат со бали. Секој производител настојава што поарно да го подреди тутунот. Штом го нареднат, го гледаат, го милуат со погледи и нивните лица им светат од радост и доволство.

Еден по еден се собираат и поседнуат стопаните околу разбаботената печка да се топлат. Некои ја зимаат торбата да поручаат, некои почнуат да виткаат цигариња, а некои веке им чадат во напуканите работнички раце. Со чадот од цигарињата се дига и пареа од нивните опинци, искрпени облеки, шуби, бели капчиња, фесови. Полека се разврзуе и разговор...

**Дури да ми гори срцето, нека гори тутунот!**

— Вие сите го знаете село Смесица, — почна да раскажуе со длабок глас Мецит, обраснат во црна брада и со бело кече на глава. — Ние од дедо прededо само тутун работиме. Земјата друго не рагја, ама тутун многу убав прави. Во турско време, — ми кажуеше дедоми, — за урнек зимале од нашиот тутун. Тежок ни беше животот. Продај тутун — купи леб. Се крепевме, поминуевме некако. Се намножија и дечиња. Дојдоа кризни години. Земи на заем одовде — одонде, со надеж дека со тутунот ке го исплатам. Ама борчот растеше, а тутунот од година на година се помалу се плакјаше. Кога се откупуеше тутунот, тоа беше, — се загледа Мецит во таванот како да се мачеше да се сети токму кога — пред 15 години, гледам се вракјаат нашите од селото, попарени.

— Што ви е, бре? — ги прашам.

— Остави не Мецит, не изгореа. Каде се видело нашиот тутун по 6 динари да ни го земат.

Уште истиот ден отидов да се уверам. Гледам, вистина е се што ми кажаа. Никде не ме береше. Тргнав назад, а во главава ми се вртеше тутунот, борчот, децата. Цел горев, а нешто ме давеше. Не одев, а трчав и кога стасав дома го грабнав шишето газје и го запалив тутунот.

Татко ми и мајка ми почнаа да плачат и колнат, а жена ми жално ме гледаше и избезумена шепотеше:

— Леле Мецит, што стори!..

— Дури да ми гори срцето, нека гори тутунот!

Го грабнав гунчето, торбата и дојдов в град. Отпрво сечев дрва, ва дома и за борч да плакјам. Тогаш почнав да работам се што ке најдев и живеевме некако.

Во окупацијата пуштија глас, дека арно ке го плакјаат тутунот. Се вратив и почнав пак да го садам. Бргу разбрав дека е тоа лага. Трговците, што го купуеја тутунот, гледаа што повеке да скинат од нас, за да е пополн нивниот џеб. Ама и на окупацијата и на полните џебов брзо им дојде крајот...

Денес, — и како да се разбуди од лош сон, Мецит високо продолжи — дојде времето на тие што работаат. Да пееш и работиш. Колку ти чини работата — тутунот — толку ти се плакја. Во секоја работа ти помага и државата. Ете и децата не ми се страдни веке за леб. Добив и жито, кога го садев тутунот, ке добијам денес, и пак после некое време ке добијам. Станицата ми даде на заем 14.000 динари и сега ке го платам...

— Мецит Ибраим!.. се чу откај кантарот бр. 1 и тој го прекина своето раскажуење. После се чуа: Стојан Соколовски, Кадрија Зекир. Се носеа имиња на производителите од сите 10 кантари и душната мириза на тутунот. Откупот почна...



Тутуновите полиња во прилепско



**Во скопската тутунова станција во екот на откупот**

### Спроти тутунот и наградата

Со леки и бодри стапки Мецит ги носи балите на кантарот. Откупната комисија отпочнуе работа. Стручниот оценуач ги забива прстите во балата тутун и извлечуе неколку калапчиња жолт како флорин тутун. Тој издивнуе во него и го мириса.

— Категорија А — врста прва — соопштуе стручниот оценуач.

Ја запишуат членовите на комисијата категоријата, цената и тежината и на картонот врзан на балата и во откупните книги. Продолжуе оценуењето на тутунот. Сите 420 кгр. ги оценија А — I; А — II; Б — I и Б — II. На крај дојде и комисијата, која што определуе награди за првокачествен тутун и одлична изработка. Комисијата констатира дека тутунот на Мецит е одлично изработен и за тоа ке биде награден со 5%. Оценуачот го потупка по рамото, му ја предаде листата и рече:

— Ке има да им правиш и ашуре на децата...

— Спроти тутунот и наградата. Ке има, ке има!...

### За една работа фати се, ама сврши ја како треба

Крај печката го дочекуат селаните на кои што пред тоа им раскажуеше за својот живот — своите маки. Сите му честитаат на Мецита, а тој од срце им пожелуе:

— Да ви се врати!

И Стојан Соколовски од Асан-Бегово го предаде својот тутун и задлабен во листата се приближуе кон печката. Го прашаа како помина. А тој:

— Јас сум нов тутунопроизводител. Лани со аграрната реформа добив земја и за прв пат сега го работам. Арно поминав, ама тутунот си го сака своето, како и секоја работа. Комисијата го најде дека не е убаво сортиран. И така е. Јас сакав повеке работи да вршам: да посејам и малу пченица, да посадам и малу пченка, да искосам и малу сено и на крај да гледам и тутун. И што излезе — ни жито, ни сено, ни тутун убав не извадив. Кога човек отпочнуе повеке работи одеднаш, ни една не може да ја заврши како треба. Пак и справи јас немам. Државата ми даде место за кукја. Напролет, здравје, кога ке градам кукја, ке направам и за тутунот се што треба. Тогај и мојот тутун, Мецит, ке го оценат како твојот.

Правејки сметка со молив в рака, а фесот на тил, се приближуе и Кадрија Зекир — млад тутунопроизводител од Скопје. Уште од далеку не чекајки да го прашаат, тој соопштуе:

— Тутунот ми дојде едно на друго по 106 динари кило. За 500 кила ке добијам 53.000 динари. Има и заемот да го платам и за дома. В година, здравје ке гледам и последната педа земја да ја посадам со тутун и да го изработам уште поарно. Оваа година арно поминав, до година уште поарно...

### По пат за дома...

Производителите пак се собрани околу печката, само сега со листи и сметки в раце. Тие живо расправаат. Просториите се полнат со нови бали. Излагаат, влагаат нови производители. Откај кантарите викаат нови имиња. Врева одеднаш ја заглушуе писокот на возот кој што пристигаше со нови производители — со нов тутун, од Зеленикoво. Стојан, Кадрија, Мецит и другите што први го предадоа тутунот брзаат да земат жито и пари и да си одат дома.

Надвор виулицата беше стивнала. Јануарското солнце ги галеше лицата на селаните. Одново се понесуе караванот од коњи и магарињa, ама сега натоварени со жито. Зад нив стопаните потрчуат по белиот пат што се губи во бисерната снежна шир. Срцата им се полни, ги грее радост, зашто дојде денот кога нивниот труд се призна и награди... Сончевите зраци играат по снежниот кристал што ја покрива земјата, разбукнуејки разнобојни пламенчиња. Тие растат во нивните очи како факли што ја осветлуат нивната поарна иднина.



# Од животот на нашите студенти

Скоро два месеца во Државниот универзитет во Скопје се одвива творческа работа.

Одново се исполнија аудиториите на философскиот факултет, во нашиот главен град само што овој пат во нив седат синови и керки на нашиот народ, а од катедрите за прв пат се слуша македонски јазик. За прв пат денеска во македонски универзитет учат и студенти од другиот дел на Македонија — од Пиринска Македонија.

Отпрво, кога уште не беа дојдени професори од другите братски републики, студентите не сакаа да го загубат времето: секоја вечер во универзитетот се одржаваа предавања со дискусија за општествените науки. А после, кога дојдоа професори и нашиот универзитет свечано се отвори, потече редовната работа на факултетот, исполнета со учење и творческа работа. За тоа време студентите извршија и ред други задачи. Се организира студентскиот дом, се уредија семинарите.

★

— Министерството на народната просвета отпушти три милиона динари кредит за уредување на студентскиот дом, мензата и за набавка на други нужни за студентите работи — ни кажуе во разговор режисерот на Универзитетот.

Од овие пари купени се 150 кревети, 450 кебиња, 150 душека, 150 чаршави, исто толку перници купен е целиот прибор за мензата и многу други работи за студентскиот дом. Со содејство на Министерството на просветата беше ослободена зградата на женското учителско-професионално училиште, каде што денес се настанети 74 студенти. Крај брегот на Вардар между железниот и новиот мост е сместен женскиот студентски дом каде што, и покрај тоа што има место за повеке студентки сместени се досега само 17 студентки.

★

Со секој ден искрснуат нови задачи. Учебници нема Се фаќаат прибелешки и се умножават. Со книги стдудетската библиотека е сиромашна. Организирањена библиотеката се поставуе и с т о така на преден план. Студентите доброволно прилагат свои книги за библиотеката.

— Јас давам 5 книги, изјавуе еден студент кога се објави собирната акција.

— Јас 10 — додаде од страна друг студент и на ред се јавуеја доброволци кој со 5 кој со 10 книги.

Организирањето на библиотеката е еден дел од исполнуењето на задачата што се поставуе во културно-просветен поглед пред студентите.

Досегашните резултати векјаваат дека организирањето на библиотеката ке сврши со успех.

★

**Учебните денови се нижат еден по друг. Наскоро ке заврши првиот семестар. Во јуни ке заврши и вториот. Ке отпочнат првите испити — ке се видат резултатите од работата.**

**Народен театар**

# „Негде во Москва"



Коваленко (П. Прличко) и Мељников (И. Џувалековски)




Сцена од последната слика

Татковинската војна на советските народи најде најширок одраз во советската литература во сите нејзини родови и форми.

Војната даде теми за творби наситени со силен драматизам и геројски патос. Но героизмот и пожртвовноста на советските луѓе во одбраната на татковината, како на фронтот така и во позадината, можеа да се изобразат исто така и со онаа веселост и ведрина, што советскиот човек не го оставаше ни во најтешките моменти на војната, како и верата и сигурноста во срекјниот крај и победата над завоевателот.

Така во комедијата „Негде во Москва", од младите советски драмски писатели В. Масс и М. Червински, давана во Москва и Ленинград и во други театри, една сериозна случка од војната, еден прекрасен пример на героизам и на љубов и почит на позадината кон героите од фронтот, се предава во лесна форма, со многу хумор и ведрина во тонот, со брза, жива полна со промени сценска динамика, со заплет вешто воден од почетокот до крајот.

Фабулата околу која што е изградено дејствието на оваа комедија - весела игра, е навидум проста: девојка од позадината му го спасила животот на поручникот Мељников, кого ранет и онесвестен го извлекла од фронтовата линија. При првиот случај, кога за еден ден довагја во Москва, тој сака да ја најде својата спасителка.

Мељников, придружен од станичниот носач Коваленко, изодува многу квартири на Ани Петровни Смирнови. Се срекјава со разни луѓе, пагја во различни комични ситуации и недоразбирања, кои што авторите ги искористуат драмски многу вешто за да го развијат заплетот на комедијата. Низ тие срекјавања гледачот узнава и друго: пред него се раскрива здравата поврзаност на сите советски луѓе во деновите на војната. Узнаваме дека не само на Мељникова му е спасен животот, туку во негово лице навогја свој спасител и научникот Смирнов; носачот Коваленко гледа свои спасители во младите девојчиња — противавионки во Москва; старата Ана Петровна Смирнова има спасено многу борци ранети или скриени во окупираното село.

Само, сепак, Мељников сака да ја најде правата Ана Петровна Смирнова. И низ многу барања, незгоди и перипетии, едвај на железничката станица, пред да ја напушти Москва, тој разбира дека Њурочка е таа што ја бара. Њурочка исто така до тој момент не знаеше дека Мељников е офицерот што го носела пет километри под огнот на Германците; Мељников со кого патуеше во едно купе, со кого се сретна неколку пати и спрема кого изјавуеше нескриени симпатии. На станицата се собрани сите нови пријатели на Мељников, дојдени да го испратат. Со песната „Здравствуј Москва" симпатичниот герој заминуе одново на фронт да се бори за Москва, за советската татковина.

## Нова претстава на Куклениот театар

„Шумска дружба" приказна во стихови од Славко Јаневски.



# МЕЃУ ТУРЧИНКИТЕ — ПОСЕТИТЕЛКИ НА АНАЛФАБЕТСКИ КУРС



Во вторник и четврток Митера и Бахтија се до 12 часот на училиште. Нациjа Рустем со нетрпение чека двете кјерки по скоро да дојдат дома и да им даде да ручаат. Таа брза, затоа што веке во еден часот треба да биде во училницата на второто одделение од училиштето „Ирфан", и да седне во истата клупа од која што тукy што станале Митера и Бахтија. Тука два пати неделно довагјаат на аналфабетски курс 28 жени — Турчинки од сите реони на Скопје. Нациjа е многу редовна курсистка и не сака да задоцни на часот. Додека децата јадат и весело раскажуат како им поминал денот Нациjа за последен пат ја повторуе најновата лекција: „Ач бир курт тавшан сатин алмак истемиш"... чете таа гласно кажуејки го со прст словаат. По неа со тенко гласче чете петгодишниот Исак: „Ач бир курт тавшан"... (еден гладен волк...) „Бен бенам сев гили јарудумациим" (милиот мој помошник!) му вели Нациjа. Во нејзината тетратка препишана е и следната лекција што уште не ја училе. Со помошта на Митера и Бахтија таа ја научила новата буква „у" и сега и новата лекција може слободно да ја чете, а на часот ке и биде многу полесно отколку на другите.

Од блескавите зраци на зимското солнце во малата училница на второто одделение е светло, дури топло. Однадвор се слушаат весели гласови и смеј на децата што уште не се разотишле по кукјите и го искористуат за лизгање запазениот снег во сенката на старата саат кула до Султан мурат џамија.

Накија Ферат една од најстарите учителки во Скопје. Висока, со окалки со цврсто зад ушите врзана црна шамија, таа веке ги чека своите курсистки. Нациjа Рустем влегуе во училницата и ја поздравуе старата учителка според обичајот — десната рака ја приближуе до устите, а после до челото и седнуе на своето место. Влегуат една по друга, отфрлуејки го црното „паче" од лицето Фетанет, Мелахат, Хамдие и на ист начин ја поздравуат Накије. Накије ужива голема популарност и почит сред скопските Турчинки. Нејзиниот збор насекаде се слуша. Таа води аналфабетски курс со 28 жени, што ги прибрала на курсот без ничија помош — кога таа ги повика тие сите до една дојдоа. Многу од нејзините сегашни курсистки, жени на средна возраст, мајки на големи деца, се нејзини ученички. Во стара Југославија таа ги учеше на старо турско писмо.

Мурадија Ресулович весело и закачлива, со смеја вели: „Ти Накије ни даде малку одмор да се омажиме и родиме деца, а сега пак не собра сите тука".

„Сега Накије ја учи керка ми Имран, ја учи и керката на Рекибе, двете керки на Нације и на многу други од нас. Таа е наша стара народна учителка" додава Мурадија.

„Не жали да работи Накије — оца. „Изутрина децата, а после нас", додава една од курсистките Хамдије.

Во училницата влагаат две високи жени што извонредно прилегаат една на друга. И човек со право се праша, да не се може би сестри? Но тоа се мајка и керка Сервет и Назмија Репеп. Сервет е долгогодишна и опитна шивачка, но и таа и керка и не се писмени. Сега се и двете „ученички" како велат самите со смеј. Тие не се единствени мајка и керка на курсот. Со Рекибе Шефки довогја и 12-годишната керка Кевсер. Денеска е тука и помалката керка на Рекибе, што учи второ одделение при Накије Ферат.

Часот почнуе. Накије диктира на младата шивачка Назмије, што излегла да пишуе на табла. По тоа течно и убаво четат сите по ред од своите буквари. Овој курс има голем успех: за еден месец курсистките четат долги и сложени реченици. Во многу тетратки писмените задачи, се оценети со петици. Тоа е правилна оценка за убави, прави редови, грижливо и читко испишани во тетратките.

Сега пишуат сите. Хамдије Идриз збунето ја гледа својата тетратка: „Не чини, не пишуам убаво" вели таа. „Јаваш, јаваш", — ја утешуат другите курсистки, „Ке научиш, ете како знаеме ние?" Хамдије е мајка на 6 деца. Мажот и е резач на дрва. Таа има многу грижи дома, но исто така има и голема желба да учи. Нације Рустем и советуе: „Учи дома, чети. Ете јас со синот четам", — се секјава Нације за својот „помошник" и се усмевнуе. „Треба, треба, и јас сакам, ама ете 6 деца имам — не е лесно. Но, сепак ке научам", — одговара Хамдије.

Мурадија Ресулович пак бучно се јавуе, за еден миг престануејки да пишуе: „Учете повеке, ке го завршиме овој курс, пак после ке пројдеме на вишиот. Ке учиме граматика и македонски јазик. Јас сакам и македонски весници да четам!" Нејзините зборови сите со одобруење ги слушаат. А таа сакајки уште повеке да ги убеди во важноста на овој курс, додава: „Јас уште три жени ке доведам на курсов. И тие треба да учат. Ете ке видите!"

*Кс. Г.*



# Враќање во родината



Вратениот во родината д-р Мкртич Теркарапетјан на работа

Успесите на Советската Ерменија се големи. Во републиката израснаа десетици напредни претпријатија, десетици електро-станции, расцвета социјалистичкото селско стопанство, стотици илјади деца се учат во училиштата, создадени се десетици средни технички училишта и високи учебни институти широк расцвет доби научната мисла.

Сите овие успеси најдоа свој јарок израз во тој факт, како што е масовното враќање на задграничните Ерменци во родината, во Советска Ерменија.

Илјадници фамилии Ерменци веке пристигнаа во родината од Сирија, Ливан, Палестина, Иран, балканските земји. Илјадници други се на пат кон родната земја.

Овие напатени луѓе, слегнуејќи од параходот или од стапалата на железничките вагони, со солзи радосници се фрлаат на колена и ја бацуат милата, родна земја.

Колку злини, бесправија, презири, колку човешки трагедии останаа назад! Започнуе нов живот, живот на одново најдената родина. Слободниот живот на граѓанин на Советскиот Сојуз.

Многу од Ерменците, што се вратија во родината, веке работаат во заводите, фабриките, во артелите, на новоградбите. Многу од нив стапија во колхозите.

Огромно поле за работа се открива пред работниците на науката, литературата, уметноста.

А младината веке ги исполни универзитетските аудитории, училишта, средните технички училишта.

*НИЗ СОВЕТСКАТА ЗЕМЈА*

# Обнова на Кегумската хидроцентрала

На 40 километри од престолницата на Советска Литва — градот Рига, текот на реката Даугава е преграден со браната на Кегумската хидроцентрала, која што е најјака во Литва. Таа ги снабдуе со енергија повекето од претпријатијата на Литванската советска република, ја осветлуе Рига и другите градишта. Кегумската централа може да се нарече електричното срце на Литва.

Кога во есента 1944 г. советските војски што настапуеја ја ослободуеја територијата на Литва, хитлеровците ја порушија Кегумската хидроцентрала. Експлозивот грижливо се приготвуел во тек на два месеца и централата беше претворена во куп урнатини. Хитлеровците сметаа дека електричното срце на Литва никогаш нема да затупка пак.

Но геројскиот труд на литванските работници и братската помош на рускиот народ ги разбија тие планови на Германците. Уште во есента на 1945 г. првиот обновен генератор на Кегумската централа пушти струја. По него во пролетта 1946 г. влезе в строј вториот агрегат, а сега се обновуе третиот. Со неговото пуштање предвоената јачина на Кегумската централа ке биде обновена, а потаму и ке се надмине предвоеното рамниште.

Хитлеровските окупатори и нанесоа тешка загуба на советската енергитика. Тие изгореа и делимично разрушија 61 голема и голем број мали електрични централи во СССР. Многу од овие централи се веке обновени и одново даваат струја. Заедно со тоа врви градењето на нови електрични централи. Во оваа година во СССР се градат 40 крупни хидроцентрали, не сметајки ги калоричните.

П. Рајски

# Грижи за здравјето на трудбениците



Сантториумот „Гулрипш" во Сухум на Црно море



# фискултура

## Смучањето — здрав зимен спорт

Смучките човекот ги употребил прво за практични цели: приврзал две гранки на нозете како би можел полесно да се движи по снегот гонејќи ја дивечта. Тоа било уште во преисториско време.

Со смучки се служеле во Сибир, во областа околу Бајкалското езеро, Алтајските планини, како и во Скандинавија, но со точност не може да се каже каде е постојбината на првите смучки. Во нашата земја тие се појавени пред седум века. Утврдено е дека селаните во Словенија се служеле со нив.

Смучањето како средство за разонода, како спортска дисциплина, познато е од 16 век.

Денес смучањето служи како средство за физичка култура, како чисто натпреваруачка дисциплина, превозно средство и во исполнуењето на воено-одбранбени задачи.

Смучањето многу благотворно се одразуе на здравјето: на внатрешните органи, дробовите и прибороt за варење, нервниот систем и ги развива сите мускули на човешкото тело, а особено срцето.

Овој спорт има големо значење за врска мегју зафрлените краишта и центрите; многу допринесуе за културното издигање на селото. Смучките се неопходни за поштарите што разнесуат писма по селата, за учениците што одат на училиште, а за лекарите смучките се најдобро превозно средство кога е нужна брза помош.

Со подигање смучарски домови се оживуат пасивните краишта, а на тамошните жители им се создаваат услови за работа и живот.

Уште поголемо е значењето на смучарскиот спорт во модерната војна, која што не може да се замисли без смучарски одреди. Смучарот-борец може брзо и изненадно да го нападне непријателот. Тој треба, приспособуејки се кон теренот, да ги знае сите начини за употреба на оружјето и да пука во движење, да ги совладуе сите пречки, да се снајде на картата и да се ориентира. Во Татковинската војна на советскиот народ смучарските одреди покажаа многу добри успеси таму, кај што движењето на други воени единици беше невозможно.

## На Попова Шапка ке се одржи овогодишното сојузно смучарско првенство

Како што е познато во крајот на месец март ов. г. по решението на Фискултурниот сојуз на Југославија, на смучарските терени на Попова Шапка ке бидат одржани натпреваруењата за овогодишното сојузно смучарско првенство. Со тоа уште еднаш се истакнуат предностите на нашите смучарски терени, каде што до последните денови на пролетта има длабок снег, шот им дава возможност на љубителите на овој убав зимен спорт да останат подолго сред прекрасните заснежени предели на Шар, додека долу владее вистинска пролет.

Со смучарските терени на Попова Шапка е поврзан развитокот на смучарството во нашата република. За прв пат на Попова Шапка се одржа во зимата на 1937 г. смучарски курс кога пред очите на неколку одушевени смучари се отворија прекрасните планински предели, покриени со длабок снег. Оттогаш терените на Попова Шапка почнаа се повеке да ги привлечуат погледите на смучарите не само од Македонија, туку и од целата земја.

Оваа година нашето младо смучарство се здоби со еден важен туристички обект, чие што изградуење е од големо значење за потамошниот развиток на овој спорт кај нас. Сред најубавите смучарски терени на Попова Шапка, на 11 километра од Тетово и 6 километра од селото Лисец народната власт одново го подигна разрушениот за време на окупацијата туристички дом. Со изградуењето на овој дом станует достапни на поголем број љубители на смучарскиот спорт терените на Попова Шапка, малиот Јелак, Јелак — кои што се навогјаат на 2.000 м. надморска височина Церепашина — на 2.525 м., Турчин — на 2.702 м. и други, што се простираат непосредно околу домот.

Изградуењето на туристичкиот дом на Попова Шапка несомнено ке му даде нов полет на смучарскиот спорт кај нас и ке допринесе за неговото масовизирање. Домот е снабден со целиот потребен инвентар и постелна спрема, прехраната на посетителите е уредена со сопствена кујна на домот откаде што посетителите ке добиваат топла и евтина храна. По тој начин на нашите работни лугје им се дава широка возможност своето слободно време да го поминуат на чист воздух и солнце.

Издавач: Новинско-издавачко претпријатие „Нова Македонија“—Скопје Одговорен уредник Јован Бошковски Фото-уредник Кирил Билбиловски Редакција и администрација Гоце Делчев бр. 20 Тел. 537 и 470. Излегуе еднаш месечно. Цена 6 динари. Печатница „Гоце Делчев“ — Скопје ул. 78 бр. 35

# НЕПИСМЕНОСТА НАШЕ НАЈГОЛЕМО ЗЛО

„Во борбата против неписменоста имаме постигнато извесни резултати, но кои што ни оддалеку не можат да не задоволат, имајќи го пред вид големиот процент на неписменоста кај нас. Ние треба да сме начисто дека денес неписменоста претставуе најголема пречка и непријател во развојот на нашиот народ и против кој што ние треба да поведеме решителна, систематска и упорита борба. Се уште има луѓје во органите на нашата народна власт кои што докрај неразбрале каква голема опасност за понатамошниот развој на нашиот народ претставуе







неписменоста и колку многу систематски и упорит труд треба да вложиме во борбата против тоа зло. Ние сме тргнале по патот на планска и систематска борба со изработен Републикански план за борба против неписменоста во текот на оваа зимска кампања. Нашиот план е да описмениме во текот на оваа зимска кампања уште 92 илјади неписмени луѓје. Тој план и таа задача може и треба да се исполни. Затоа е потребно најсериозно да се заангажираат органите на нашата народна власт, нашите месни и околиски народни одобри да ја разберат таа задача како стална која што не треба да слегне од дневен ред се до исполнуењето на предвидениот план за ликвидирањето на неписменоста. Во тоа треба да добијат најголема поткрепа од нашиот Народен фронт и сите негови организации а на прво место од нашата Народна младина. Само ако борбата против неписменоста ја разбереме како сенародна борба само тогаш можеме да сметаме дека планот за ликвидирањето на неписменотта поставен денес пред нас ќе биде исполнет".

Л. Колишевски



1) Младинецот од скопската ложилница Добри Штркleски раководи со аналфабетскиот курс од 25 неписмени во ложилницата. За време на работните почивки тој ги обиколуе курсистите и им помага да ги научат што побргу лекциите.

2) Во деветиот блок на II реон во Скопје Вера Бочваровска во својот дом собира 10 жени, кои што ќе ги описмени. Тие досега имаат покажано добри резултати.

3) Учителката Ангелина Салџиева, покрај редовната настава на курсот за жени во IX од првиот реон во Скопје, ја учи да зборуе и пишуе македонски младата Турчинка Алија Ујзенлова.

4) Селанецот од село Раштак Томе Смилев, има научено десет букви.







# Пробиро

Покрај масовиот карактер работата за обнова и изградба на нашата република, е поста вена и на една солидна и современа основа, со ползуење на сите денешни технички и урбани стички придобивки...

За таа цел при Министерството на градежите на НРМ формирано е уште во текот на минатата го дина Проектантско биро (Пробиро), кое што им за задача да изработуе проекти за сите обекти што ке се градат во нашата народна република.

„Пробиро“ како оперативен дел на Министер ството на градежите ги приготвуе техничките ела борати (планови) за сите обекти, предвидени да се започнат во текот на првата година од нашиот петогодишен план.





1) Проект за зградата на Министерството на внатрешните работи во Скопје.

2) Новите станбени згради во Скопје, кои што во текот на оваа година ке бидат завршени.

3) Проект за првото работничко синдикално ле товалиште, што ке се подигне крај Охридското езеро.

# ПОПОВА ШАПКА

## Љубимо место на нашите смучари









Смучарските терени на Попова Шапка, кај што во крајот на месец март ке се одржи Сојузното смучарско првенство. Едновремено на овие терени ке се одржат натпреваруења во алпска комбинација мегју Југославија, Бугарија, Албанија, Румунија и Унгарија.

Снимци Гого Попов



Во екот на надпреварувењето...

# ЛИК

ЦЕНА 6 ДИНАРИ